*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6511/**

# З А П И С Н И К

**Од 199. Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 14.10.2022 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Зоран Мирчевски-Одговорен уредник на Втор програмски сервис на Македонско радио, Валбона Зунче Пајазити-Одговорен уредник на Трет програмски сервис на Македонско радио, Драган Николовски-Одговорен уредник на Трет програмски сервис МТВ, Дијана Гогова-Атанасова-Одговорен уредник на Петти програмски сервис МТВ, Јулијана Тануровска-Одговорен уредник на Сателитски сервис МТВ1 и Мерита Дулатаху- Одговорен уредник на Сателитски сервис МТВ2.

**199.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 11.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 198.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Информација-Пресек на остварена програма во тековната 2022 година за МРА1,МРА2 и МРА 3 (старт на новата програмска сезона).

3. Информација-Пресек на остварена програма во тековната 2022 година за МТВ3, МТВ4, МТВ5 и Сателитски канал МТВ 1 и МТВ 2 (старт на новата програмска сезона).

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 198.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 198.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 198.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 198.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Информација-Пресек на остварена програма во тековната 2022 година за МРА1,МРА2 и МРА 3 (старт на новата програмска сезона).**
На почетокот од расправата по оваа точка Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде вовед и даде збор на почетокот на уредникот на Вториот програмски сервис на МРА Зоран Мирчевски.
Зоран Мирчевски пред присутните членови даде краток приказ на програмата која се реализира во 2022 година на брановите на вториот канал на Македонското радио и истата ја оцени како многу успешна.Во комуникацијата со слушателите на социјалните мрежи може да се види дека старосната граница на слушателите на Радио 2 е зголемена, а како проблем во таа комуникација со слушателите е наведан неможноста да го следат сигналот на Радио 2 во нивното место, и овој проблем се провлекува со години а бројот на градови и места се зголемува.Радио 2 со сигурност може да се пофали дека има најслушана утринска програма во Македонија тоа е утринската емисија „Тик так со Зорка“, има и нова успешна емисија „На кафе муабет со Тања Пуленџовска“-ток шоу програма со гости, а тука се и „Ритам на денот“ претпладневна програма, „Возење со Радио 2“ која се емитува попладне, викендот е наменет за Ване Марковски и неговата емисија итн.
Зоран Мирчевски за новата програмска година кажа дека се сака програмата да биде со повеќе говорни содржини бидејќи така ќе бидеме поразлични и послушани од останатите радио станици во државата на кои програмата им се базира претежно на музика и читање вести од интернет портали.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац запраша која институција е надлежна за подобрување на сигналот, па како совет да се изнајде начин и да се реагира за ваквиот проблем, и друго дали може да се направи нешто на социјалните мрежи некаков поорганизиран настап на сите сервиси во МРТ, односно некоја фб страна на која ќе бидат претставени програмите како и да бидат изрекламирани едни со други во заедничка координација.
Зоран Мирчевски одговори дека за овој проблем се надлежни ЈП Македонска Радиодифузија и треба кај нив да се интервенира.
Членот Ристе Панов упати пофални зборови за програмата на Радио 2, и притоа даде една сугестија околу пристапноста на радиото он-лине, односно да биде поприсутно он-лине и да се подобри пристапноста до он-лине платформата.
Снежана Клинчарова потенцираше дека Радио 2 е за пофалби уште од моментот кога Ристе на минатата седница го презентираше Извештајот со податоци на АВМУ за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, за периодот јуни-јули 2022 година, но останува проблемот околу он-лине вклучувањето кое е зацртано и во Петгодишната стратегија за работа на МРТ како сегмент кој треба да се подобри. Затоа потенцираше Снежана треба социјалните мрежи и веб страната да се централизираат и мора да се издигне на ниво на редакција, во која ќе работат и стручни лица за таа тема и новинари од радиото и телевизијата.

Потоа за забор се јави Валбона Зунче Пајазити-Одговорен уредник на Трет програмски сервис на Македонско радио,Валбона како нов уредник на Радио 3 кажа дека има забележителни измени во програмата после нејзиното доаѓање и акцент во програмата се дава на живите емисии со многу гости и повеќе аспекти од секојдневниот живот,исто така во програмската шема се додадени многу нови рубрики за секој ден, како и политички емисии кои ги немаше до сега.
Валбона побара поддршка од членовите на Програмскиот совет за радиото, да се изберат нови кадри за радиото и да се добие нов модерен Вебсајт на кој ќе биде презентирана програмата на радиото како и работата на новинарите од радиотот, а се со цел слушателите да имаат поблизок пристап и комуникација со радиото.
Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемдалија со предлог Директорката на радио да достави Информација до каде е постапката пред АВМУ со фрекфенциите за радиото.
Членот Гајур Рмадани со забелешка околу сигналот на радиото и прекините на предавателот во подрачјето на град Гостивар,
Гајур со информација дека околу програмата на Радио 3 со новиот уредник се мрднати работите на добро и дека како совет треба да дадеме подршка на брањата и за нови вработени како хонорарци и за веб страната.

**ТОЧКА3:Информација-Пресек на остварена програма во тековната 2022 година за МТВ3, МТВ4, МТВ5 и Сателитски канал МТВ 1 и МТВ 2 (старт на новата програмска сезона).**
На почетоткот од расправата по оваа точка со свое излагање се јави Јулијана Тануровска-Одговорен уредник на Сателитски сервис МТВ1 која одма на стартот кажа дека се оправда емитувањето на програмата преку сателит почнувајќи од 13.07.2022 година, бидејќи до тогаш имавме прекин односно се емитуваше програмата само он-лине.
Што се однесува до програмата имаме директно превземање или одложено емитувањена содржините што се од сопствена продукција на МТВ, емисиите од надворешни продукции ги превземаме со дозвола од копродуцентот, а додека сопствена продукција имаме многу мал дел бидејќи бројот на вработени во Сателитскиот канал се намали минимум.
Во тековната 2022 година сме задоволни од сопствената програма која ја релизиравме, а на тоа укажува и серијалот „Документарни сведоштва“ посветени на академиците,истите се покажаа како оправдани и истите ги превземаат и се емитуваат на МТВ1.
Сателитскиот програмски сервис комплетно ја превзема одговорноста и реализација на она што оваа година се случуваше во МПЦ, односно директниот пренос од првото сослужување со СПЦ, координации со РТС бидејќи имаа интерес да ги превземаат сигналите, а за две недели подоцна и петчасовниот директен пренос од Вселенската патриаршија.
Во делот на програмата за наредната година ни треба нова емисија од економијата и добро би било да имаме емитување на крол на екран кој ќе биде хранет со податоци,информации и актуелности од општествениот и културниот живот.
Снежана Клинчарова со честитки за релизираните преноси на Сателитскиот канал на МТВ1 за кои може слободно да се каже дека беа големи проекти и навистина беше даден максимум и преносите беа многу професионално сработени, како и за останатата програма која се реализира на Сателитскиот канал.
Клинчарова што се однесува до барањата за кролот и до економските содржини за нашите кои живеат во странство и го гледаат сателитскиот канал кажа дека се малку, треба да се изработи една зедничка централна емисија како „Програма на градови“ која би се емитувала и на МТВ1 и на Сателитскиот канал, и би била интересна и за нашите гледачи тука во државата и за нашите во дијаспората.
Потоа збор зема Дијана Гогова-Атанасова-Одговорен уредник на Петти програмски сервис која ја ја образложи програмата и програмските содржини на детскиот канал МТВ5, односно пред присутните објасни дека во текот на оваа година гледавме едукативна програма,училишна програма и играна програма, исто така и емисии кои обработуваат

актуелни теми за младите во кои меѓудругото и самите млади обработуваат теми што нив ги засегаат.
Не можеме да се пофалиме потенцираше Дијана Гогова-Атанасова со анимирана програма, на која во идната 2023 година треба да се посветиме како канал на обезбедување нова анимирана програма.
Детскиот канал се покажа како помошно средство за учење во пандемиските години кои ги поминавме и се покажа како моќна алатка во учењето.
Програмата ќе се продолжи да се емитува 24 часа и ќе биде поделена според целан група и ќе продолжи кон континуиран раст на каналот иако се соочуваме со минимлаен број на вработени.
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ со прашање дали е размислувано за емисиите од архивата на МРТ во кои се негува македонскиот јазик и кои сигурно би биле многу интересни за најмладите гледачи, овие емисии се многу технички лоши и дали се размислува за истите да се обработат снимките да е опоравата технички и да се приближат до младите гледачи.
Дијана Гогова-Атанасова се заблагодари на забелешката и кажа дека ќе се земе во предвид ваквата забелешка и ќе работиме на тоа.
Мерита Дулатаху- Одговорен уредник на Сателитски сервис МТВ2 ја објасни програмата на Сателитскиот сервис МТВ2 која емитуваше како што кажа непрекинато цела година програма во етерот, а програмата се состоеше во директно преземање или одложено емитување на актуелните програми од Вториот програмски сервис на МТВ и сопствената продукција на Сателитскиот сервис.
Сателитскиот канал на МТВ2 се залага се повеќе за повеќе сопствени продукциски програми, но недостатокот на кадар не оневозможува во тоа, и сепак заедно со уште една подготивме поголема сопствена програма како „Мојот роден крај„, а со помош на колегите дописници и колегите новинари од образовната редакција на МТВ2 во тек е подготовката на две репортажи со наслов „Моето огниште“-репортажи низ државата.
Сателитски сервис МТВ2 исто така оствари и голем број на директни преноси од културни,верски образовни настани.
Исто така имаме заеднички проект со Сателитски сервис МТВ1 и колешката Јулиана „Поблиску“ репортажи реализирани во дијаспората, а целта е афирмирање на успесите на нашинците од дијапората и пресликување на нивниот живот таму.
На крај Драган Нколовски Одговорен уредник на Трет програмски сервис МТВ објасни дека спортската програма е најконстантната содржина во програмата на МТВ3 каналот.Во 2022 година имавме на почетокот ЗОИ-Пекинг како огромен настан кој го емитувавме, наредниот месец ни претстои можеби најголемиот и најочекуваниот настан Светското фудбалско првенство во Катар убедливо најзначајниот спортски настан воопшто во планетарни рамки, истиот ќе биде дел од атрактивната програма на МТВ1 со тоа што и МТВ3 ќе ги емитува програмите од Катар.
Уредникот Драган Николовски посочи дека во меѓувреме успеано е да се обезбедат и правата за емитување на Европското првенство во ракомет за жени кое ќе се одржува непосредно пред одржувањето на Светското фудбалско првенство во Катар, а значењето беше во тоа што дел од ова Европско ракометно првенство ќе биде и Македонската ракометна репрезентација, а и дел од натпреварите ќе се одржат во салата „Борис Трајковски“ во Скопје односно Македонија ќе биде и дел од домаќините.
Изреализирани се најголем дел од содржините кои што и ги планиравме во програмата за оваа 2022 година, а амбициозно се влегува и во 2023 година, особено што не само лично и како МРТ се гореееме со тоа што успеавме да го вратиме она што со години не достасуваше на програмите на МТВ, а тоа се настапите на Македонската фудбалска репрезентација, се вклучивме во септемврскиот циклус на Лигата на нациите, а продолжуваме и во наредната календарска година со завршетокот на тоа натпреварување.
Во 2023 година исто така ги имаме квалификациските натпревари на Македонската фудбалска репрезентација за Европското фудбалско првенство во 2024 година.

Снежана Клинчарова го поздрави напорот на редакцијата и уредникот за обезбедување на клучните спортски настани на Македонските спортски репрезентации, и упати сугестија за изработка на еден серијал од кратки интервјуа на наши спортски ветерани или актуелни спортисти кој би бил многу гледан и би можел да се емитува на МТВ3.
Уредникот Драган Николовски одговори дека идејата е апсолутно издржана и дека како уредник вети дека ќе се обиде да биде реализирана ваквата идеја.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка беа прецизирани законските рокови за усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година, и беше договорено за наредна седница да се достави Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023 година и усогласена Предлог Програма за работа на ЈРП МРТ за 2023 година.

Седницата заврши во 12.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател